РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 31-943/3
26.11.2024 год.viti
Скопје-Shkup

Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-8813
02.12.2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Градежното друштво ГРАНИТ АД Скопје на локалитетот „Слоештица", општина Демир Хисар бр.41-10392/6 од 12 ноември 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.232/24) и членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Слоештица", општина Демир Хисар бр.24-5733/1 од 13.11.2014 година и Анекс на Договорот за концесија бр.24-5733/2 од 25.12.2014 година

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини
Сања Божиновска
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Градежното друштво ГРАНИТ АД Скопје
со адреса: Ул.Димитрие Чуповски бр.8 Скопје – Центар
застапувано од лицето Зоран Милковски
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден _________ 2024 година во Скопје, склучија:

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „СЛОЕШТИЦА", ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Слоештица", општина Демир Хисар бр.24-5733/1 од 13.11.2014 година и Анекс на Договорот за концесија бр.24-5733/2 од 25.12.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 3

Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 2 на овој договор се продолжува за период од 20 (дваесет) години.".

Член 2

Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од членот 1 од овој анекс на Договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на Договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Слоештица", општина Демир Хисар бр.24-5733/1 од 13.11.2014 година и Анекс на Договорот за концесија бр.24-5733/2 од 25.12.2014 година.

Член 5

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Слоештица", општина Демир Хисар бр.24-5733/1 од 13.11.2014 година и Анекс на Договорот за концесија бр.24-5733/2 од 25.12.2014 година остануваат во сила, непроменети.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ
СУРОВИНИ
Сања Божиновска

За Концесионер
Градежно Друштво
ГРАНИТ АД Скопје
Зоран Милковски

Изработил: Fatmir Shaqiri
Контролирал: Кика Шпритова
m-r Jeton Kuçi
Проверил: Филип Петровски
Одобрил: Горан Јовановски

## Топографска карта на концесиски простор

**1:25000**

**Локалитет:** Слоештица - Демир Хисар

**Минерална суровина:** Варовник

**Површина = 0.449638 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7508100 | 4570600 |
| 2 | 7508100 | 4570780 |
| 3 | 7507700 | 4570720 |
| 4 | 7507700 | 4570825 |
| 5 | 7507790 | 4571100 |
| 6 | 7507735 | 4571245 |
| 7 | 7507735 | 4571500 |
| 8 | 7508300 | 4571500 |
| 9 | 7508300 | 4570600 |